# ПОЛИТИКА

## за колачиња (cookies) во М банка

### 1. Опис

Оваа политика ја објаснува намената на колачињата, на кој начин може да ги измените Вашите претпочитани опции и ги објаснува технологиите кои ги поставуваме за прибирање податоци поврзани со користењето на нашата веб страница.

### 2. Изјава за приватност

М банка ги третира личните податоци коишто ги добива преку својата веб-страница со должно внимание и ги обработува целосно во рамките на Законот за заштита на личните податоци и подзаконската регулатива.

### 3. Што се колачиња?

На нашата веб-страница користиме колачиња. Колачето претставува мала датотека којашто се состои од букви и бројки што се запишуваат на Вашиот компјутер заради подобрување на корисничкото искуство на веб страницата www.mbank.mk/ и не се поврзуваат со вашите лични податоци кои претходно сте ни ги доставиле.
Кога следен пат ќе ја посетите пак нашата страница, колачињата ни дозволуваат да го препознаеме вашиот пребарувач.
Колачињата може да ги зачувуваат вашите преференции и други информации, но не можат да читаат ваши податоци или информации од вашиот хард диск или пак да читаат други зачувани фајлови за колачиња од други страници.

### 4. Типови на колачиња на www.mbank.mk/:

Капитал банка, на веб страницата www.mbank.mk/, користи неколку видови на колачиња при работењето на истата и тоа:

- Неопходни колачиња:

Колачиња кои се неопходни за правилно функционирање на основните функции на веб-страната како навигација, статистика за посета на сајтот, оптимизација на содржината и слично. Тие се најчесто поставени како одговор на одредена интеракција која ја имаме со веб страницата. Колачиња не содржат никакви лични информации и не може да се исклучат со овие поставки. Повеќе опции во врска со користење на колачиња може да прилагодите во Вашиот интернет пребарувач, со цел да ги блокира или да Ве извести за овие колачиња, при што некои делови од веб-страната нема правилно да функцио¬ нираат.

- Колачиња за аналитика:

Колачиња кои ни овозможуваат да ги броиме посетите и изворите на сообраќај, со цел да ги измериме и подобриме перформансите на веб-страната. Тие ни помагаат да анализираме кои страници се најпосетени и да видиме како посетителите се движат низ страната. Сите информации што ги собираат овие колачиња се агрегирани и анонимни.

- Сесиски колачиња:

Овие се привремени колачиња, кои се зачувуваат во датотеката на колачето на вашиот Интернет-пребарувач, додека не ја завршите сесијата на вашиот Интернет-пребарувач.

- Маркетинг колачиња:

Колачиња за таргетирање или рекламирање На нашата веб-страна може да користиме колачиња за таргетирање или рекламирање со цел да Ви испратиме реклами и рекламни пораки прилагодени на Вашите интереси. Овие колачиња може да приберат детални информации за Вашите најчести пребарувања низ нашата веб-страна (како на пример производите и услугите на кои сте кликнале). Исто така, може да се користат за препознавање кога повторно ја посетувате нашата веб-страна.

На пример, овие колачиња може да се користат на нашата веб-страна за прибирање информации во врска со производите и услугите од Банката кои сте ги пребарувале, со цел:

a) Да Ви обезбедиме содржини, препораки и реклами кои Ве интересираат повеќе,
b) Да ги персонализираме и насочиме поефикасно e-mail пораките и другите директни рекламни комуникации,
c) Да се помогне во мерењето на ефикасноста на рекламна кампања.

**5. Како да ги оневозможите колачињата**

Подесување на колачињата може да се направи преку опцијама „Поставки за колачиња", каде може да се подесат колачињата кои не се задолжителни. Со кликање на копчето „Не прифаќам колачиња", се оневозможуваат Аналитичките и Маркетинг колачињата, додека Задолжителните колачиња остануваат активни од причина што истите се неопходни веб страната да функционира на начин на кој се очекува. Задолжителните колачиња може да се оневозможат преку интернет – прелистувачот.
Исто така, менито „Помош" („Help") во лентата со алатки на интернет-прелистувачот на Вашиот компјутер ги дава следниве информации за корисниците:

a) Да ги прифатите сите колачиња,
b) Како да го поставите пребарувачот да Ве извести кога ќе примите ново колаче,
c) Како целосно да ги исклучите колачињата.

Оневозможувањето на колачиња на овој начин ќе спречи поставување нови колачиња, но нема да престане да функционираат претходно поставените колачиња на Вашиот уред, освен ако не ги избришете сите колачиња во поставките на прелистувачот. Доколку целосно ги исклучите колачињата, тогаш постои можност веб страницата да не функционира на начин како што очекувавте. За да се спречи ова, Ви препорачуваме да ги прифатите колачињата.